Врз основа на член 383 став (1) точка 2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.290/20, 215/21 и 99/22), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, на седницата, одржана на 19 декември 2023 година, донесе

# ОДЛУКА
## за одобрување на ревидираната Годишна сметка и финансиските извештаи за период од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје

### Член 1

Со оваа одлука се одобрува Годишната сметка и финансиските извештаи за период од 1.1.2022 година до 31.12.2022 година на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје, ревидирани од овластен ревизор, усвоени со Одлука бр.02-1609/5 од 9 март 2023 година на Одборот на директори на Акционерското друштво.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 41-7272/9**
**19 декември 2023 година**
**Скопје**

**Заменик на претседателот**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**Фатмир Битиќи**

Подготвил: Даниела Давитковска, помлад соработник
Проверил: Катерина Јаневска, раководител на одделение
Никола Пасков, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: : Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата